Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 29. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6068/2 | 1 | |

18.27

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузното друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година и Предлог за изрекување мерка бр.03-5520/1 од 09.11.2016 година, а во врска со Изјавата од Горан Трпеноски - член на Привремената комисија за следење на медиумско претставување бр.03-6068/1 од 29.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**

До Основниот суд Скопје 1 Скопје – Оддел за прекршоци да се испрати допис, со кој ќе се повлече поднесеното Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-5643/1 од 16.11.2016 година против Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје и одговорното лице на радиодифузерот.

Имено, до Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 29.11.2016 година, доставена е Изјава од Горан Трпеноски - член на Привремената комисија за следење на медиумско претставување бр.03-6068/1 од 29.11.2016 година, во која меѓу другото е наведено дека именуваниот член на Привремената комисија, го повлекува "дадениот глас „ЗА" по Предлогот бр.03-5520/1 од 09.11.2016 година, за изрекување мерка – прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 75-б од Изборниот законик против Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје, даден по доставениот Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година". Претходното, затоа што при повторно разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузното друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година, а имајќи го предвид доставениот Одговор на дописот за наводна појава на нерегистрирани прекршоци по прекршоци по основ на член 75-б, арх.бр.03-5645/2 од 23.11.2016 година, именуваниот член на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, констатирал дека ги нема дополнително регистрираните прекршоци од страна на Комисијата, со тоа остануваат 4 констатирани прекршоци наведени во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-5443/1 од 6.11.2016 година, а според воспоставената практика на Комисијата, при одлучување за поведување на прекршочна постапка по член 75 б, потребно е да бидат констатирани минимум 5 прекршувања на овој член од Изборниот законик. По дадените појаснувања, остануваат 4 констатирани прекршувања на член 75 б од Изборниот законик кај наведениот радиодифузер.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 06.11.2016 година беше доставен Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузното друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година, емитуван во периодот од 22 до 31 октомври 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување донесе Предлог за изрекување мерка бр.03-5520/1 од 09.11.2016 година, односно поведување на прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 75-б од Изборниот законик.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по спроведената забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, до Основниот суд Скопје I Скопје, поднела Барање

за поведување на прекршочна постапка бр.03-5643/1 од 16.11.2016 година.

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 29.11.2016 година, доставена е Изјава од Горан Трпеноски - член на Привремената комисија за следење на медиумско претставување бр.03-6068/1 од 29.11.2016 година, во која меѓу другото е наведено дека именуваниот член на Привремената комисија, го повлекува "дадениот глас „ЗА" по Предлогот бр.03-5520/1 од 09.11.2016 година, за изрекување мерка – прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 75-б од Изборниот законик против Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје, даден по доставениот Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година". Претходното, затоа што при повторно разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузното друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година, а имајќи го предвид доставениот Одговор на дописот за наводна појава на нерегистрирани прекршоци по прекршоци по основ на член 75-б, арх.бр.03-5645/2 од 23.11.2016 година, именуваниот член на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, констатирал дека ги нема дополнително регистрираните прекршоци од страна на Комисијата, со тоа остануваат 4 констатирани прекршоци наведени во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-5443/1 од 6.11.2016 година, а според воспоставената практика на Комисијата, при одлучување за поведување на прекршочна постапка по член 75 б, потребно е да бидат констатирани минимум 5 прекршувања на овој член од Изборниот законик. По дадените појаснувања, остануваат 4 констатирани прекршувања на член 75 б од Изборниот законик кај наведениот радиодифузер.

Следствено на наведеното, а имајќи предвид дека согласно Деловникот за работа на Привремената комисија за следење на медиумско претставување бр.01-4416/1 од 13.09.2016 година, Комисијата ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови, односно со три гласа, а со повлечениот глас од членот на Комисијата – Горан Трпеноски, нема мнозинство гласови за донесување одлука, за усвојување на Предлогот бр.03-5520/1 од 09.11.2016 година за изрекување мерка прекршочна санкција-глоба за прекршување на член 75 б од Изборниот законик против Трговското радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје, се одлучи да се повлече поднесеното Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-5643/1 од 16.11.2016 година против Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје и одговорното лице на радиодифузерот и до Основниот суд Скопје 1 Скопје – Оддел за прекршоци да се испрати допис со кој ќе се повлече предметното Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-5643/1 од 16.11.2016 година.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Слаѓана Димишкова ____________
2. Горан Трпеноски ____________
3. Цветин Чилиманов ____________